ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 04-15/2
04.01. 2024 год.
В Е Л Е С

Врз основа на член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Правилникот за систематизација на работни места во ЈПВ Лисиче-Велес број 01-204/1 од 28.04.2020 година, а в.в. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работни места во ЈПВ Лисиче-Велес број 01-76/1 од 31.01.2023 година и бр.01-168/1 од 20.03.2023 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-11980/2 од 05.12.2023 година, Директорот на ЈПВ Лисиче-Велес донесе:

О Д Л У К А

За избор на кандидат по Интерен оглас бр.01/2023 за унапредување на 1(еден)административен службеник во ЈПВ Лисиче-Велес

1.По интерниот оглас бр.01/2023 објавен на ден 15.12.2023 година на интернет страницата на ЈПВ Лисиче-Велес, за унапредување на 1(еден) административен службеник во ЈПВ Лисиче-Велес, се изврши следниот избор:

-За работното место Раководител на Одделение за финансии, со статус на административен службеник, со шифра КДР 0102 Б04 007 се избира канидатот:

- Добривое Пауновски од Велес

2.Изборот е извршен врз основа на пријавата од кандидатот кој ги исполнува условите и ранг-листата за предлог-одлуката за избор по Интерен оглас 01/2023.

3. Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работното место за кое беше распишан интерниот оглас по завршување на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука, за што ќе се склучи договор за вработување.

4. За извршениот избор ќе бидат известени пријавените кандидати.

5. Одлуката ќе биде објавена на огласната табла на ЈПВ Лисиче-Велес и на интернет страницата на ЈПВ Лисиче-Велес.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 15.12.2023 година на интернет страницата на ЈПВ Лисиче-Велес и на веб страната на Агенција за администрација е објавен интерен оглас бр.01/2023 за унапредување на 1(еден)административен службеник во ЈПВ Лисиче-Велес на работно место Раководител на Одделение за финансии, со статус на административен службеник, со шифра КДР 0102 Б04 007.

Комисијата за селекција во постапката за унапредување на 1(еден)административен службеник во ЈПВ Лисиче-Велес по пат на интерен оглас бр. 01/2023, формирана со Одлука на Директорот на ЈПВ Лисиче-Велес бр. 02-500/7 од 29.12.2023 година, изврши проверка во доставените пријави, за што состави Записник

бр.04-500/8 од 29.12.2023 година. Се спроведе интервју со уредно пријавениот кандидат.

Врз основа на ранг-листата за избор по Интерен оглас бр.01/2023, Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО : Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8(осум)дена од денот на објавувањето на огласната табла на ЈПВ Лисиче-Велес и на интернет страницата на ЈПВ Лисиче-Велес.

ЈПВ Лисиче-Велес
Директор
Панче Иванов

Доставено до:
-Именуваниот
-Архива